**Здружение на Сервисери за Ладење и Климатизација**
Сојуз на Стопански Комори на Македонија
ул. Прашка 23, 1000 Скопје, Р. Македонија

Бр: 01/13

Дата: 08.04.2013

Пр: Препорачани цени за монтажи на клима уреди за 2013 година

---

Почитувани,

Започнуваме иницијатива за објавување на референтни цени за монтажи на клима уреди за 2013 година. Идејата е да се направи универзален ценовник и да се објави на веб страната www.slk.org.mk. Овој ценовник ќе биде референтен за целата земја и сите фирми членки на Групацијата ќе го потпишат.

Сите крајни корисници кои ќе се обратат за монтажа до фирмите ќе може на оваа веб страна да ги проверат цените. Втор чекот би бил објавување на овластени фирми за монтажа кои се регистрирани правни лица, имаат соодветен алат и сертификат за положен курс за ладилна техника. Се додека немаме регулатива за лиценци ова е можеби добар почеток како ние самите да се избориме за ред и намалување на нелојалната конкуренција.

Идејата е овој процес да продолжи и понатаму односно сите фирми кои се бават со продажба на клима уреди да дозволат заверка на гаранции за нивните производи само ако се монтирани од сервиси кои се на листата на Групацијата.

Во продолжение се Препорачани цени за монтажи на клима уреди за 2013 година.

# ЦЕНОВНИК ЗА МОНТАЖИ НА КЛИМА УРЕДИ

| Р.бр. | Монтажа на клима уреди | Цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | 9.000 Btu/h - 2,5 kW ладилен капацитет | |
| 1.1 | Со сет за монтажа и конзоли | 3.000,00 ден. |
| 1.2 | Без материјал за монтажа за Li ≤ 3 m | 4.000,00 ден. |
| 2 | 12.000 Btu/h - 3,5 kW ладилен капацитет | |
| 2.1 | Со сет за монтажа и конзоли | 3.000,00 ден. |
| 2.2 | Без материјал за монтажа за Li ≤ 3 m со бакарни цевки Ø1/4" / 3/8" | 4.000,00 ден. |
| 2.3 | Без материјал за монтажа за Li ≤ 3 m со бакарни цевки Ø1/4" / 1/2" | 4.300,00 ден. |
| 3 | 18.000 Btu/h - 5,0 kW ладилен капацитет | |
| 3.1 | Со сет за монтажа и конзоли | 3.300,00 ден. |
| 3.2 | Без материјал за монтажа за Li ≤ 3 m | 5.000,00 ден. |
| 4 | 24.000 Btu/h - 6,5 kW ладилен капацитет | |
| 4.1 | Со сет за монтажа и конзоли | 4.000,00 ден. |
| 4.2 | Без материјал за монтажа за Li ≤ 3 m | 5.600,00 ден. |

**НАПОМЕНИ:**

1. За монтажа чија должина на инсталацијата Li е подолга од сетот или од 3м за монтажа без материјал се наплаќа по:

- 600 ден/m за клима уреди под точка 1 и 2
- 750 ден/m за клима уреди под точка 3 и 4

Во цената не е вклучен ДДВ

Со почит,
М-р Васил Цицонков, дипл. маш. инж.



Претседател на Здружение на СЛК